**20211853100**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 12 став (1) и член 16 став (1) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 42/20 и 74/21), претседателот на Собранието на Република Северна Македонија на 6 август 2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И СОВЕТОТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА ОПШТИНИТЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

I

Се распишуваат избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје.

II

Изборите ќе се одржат на 17 октомври 2021 година.

III

Роковите за извршување на изборните дејствија почнуваат да течат од денот на објавувањето на Решението во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

IV

Решението ќе го спроведат Државната изборна комисија, општинските изборни комисии, за градот Скопје Изборната комисија на градот Скопје и избирачките одбори.

V

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 09 – 3732/1
6 август 2021 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.